РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
СРЕД
Бр. 05-144/11
18.03.22 год.
ВЕЛЕС

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-469
18.03.2022 год.
Пласница

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ
(Екстра лесно маслоЕЛ-1)

Склучен во Велес на ден 18. 03.2022 помеѓу следните договорни страни:

1. **ОСУ „Јовче Тесличков“, Велес**, со седиште на ул.“Кукушка” бр.37 Велес, со ЕМБС 4025644 и ЕДБ 4004965107070 застапувано од Директор **Оливера Коцевска** (во понатамошниот текст Набавувач) и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница, со ЕМБС 5312566 и ЕДБ 4018999101772, бул. „Партизански одреди” бр. 104, Карпош 3 Скопје** застапувано од одговорно лице **Божанка Грозданова,** (во понатамошен текст: Добавувач) **од друга страна.**.

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавка на 15.000.(петнаесет илјади)литри,**СУКЦЕСИВНА НАБАВКА И ТРАСПОРТ НА ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО - 1 (ЕЛ-1) ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОСУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“-ВЕЛЕС ЗА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА 2022/2023 година,**согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-144/1 од 18.02.2022година, по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка со Поедноставена отворена постапкасо објава на оглас бр.02366/2022, и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-144/9 од 10.03.2022 година.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка-купување на **СУКЦЕСИВНА НАБАВКА И ТРАСПОРТ НА ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО - 1 (ЕЛ-1) ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОСУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“-ВЕЛЕС ЗА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА 2022/2023година**, за потребите на Набавувачот, по вид и количина определени во спецификацијата кон тендерската документација и цената постигната на е-Аукцијата утврена во спецификацијата, која е составен дел на овој Договор.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на договорот, за реализација на набавката, предмет на овој договор **изнесува 986 440,00 денари,** без пресметан данок на додадена вредност, ДДВ **изнесува 177 559,20 денари** или **1 163 999.20 денари**, со пресметан данок на додадена вредност, согласно единечните цени дадени во листа на цени која е прилог на овој договор.

Одобрениот рабат изнесува **1,57 денари(2.11%)** за литар со пресметан данок на додадена вредност.

## НАЧИН УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Начинот на плаќање на цената ќе се врши вирмански и тоа во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, според цените утврдени од Регулаторната комисија за енергетика кои важат на датумот на испорака, намалени за одобрениот рабат во висина од **1,57ден/литар(2.11%)**.

## НАЧИН УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Начинот на плаќање на цената ќе се врши вирмански и тоа во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, според цените утврдени од Регулаторната комисија за енергетика кои важат на датумот на испорака, намалени за одобрениот рабат во висина од **1,57ден/литар(2.11%)**.

За секоја поединечна извршена набавка, Добавувачот е должен до Договорниот орган да достави фактура со прилог на испратница при што истата треба да биде потпишана од овластените лица на двете договорни страни. Добавувачот е должен во фактурата да го наведе бројот и датумот на Договорот, испорачана количина, цена и валута на плаќање.

## НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 5

Добавувачот е должен предметот на набавката да го испорача на следниов начин: со сопствено возило најдоцна 3 (три) дена од претходна усна или писмена нарачка во ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес, со седиште на адреса: ул. Кукушка бр. 37Велес.

Трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, ги поднесува Носителот на набавката, а трошоците за преземање на стоката/те и сите други трошоци по предавањето ги поднесува Договорниот орган, ако не е договорено нешто друго.

Носителот на набавката е должен да издаде испратница за испорачаната стока во која ќе биде означено местото на испорака, видот и количината на испорачаната стока и со име и презиме на лицето овластено од договорниот орган ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес во својство на Договорен орган и истата треба да биде пополнета во три примерока.

Испратниците со полно име и презиме ја потпишуваат: лицето задолжено односно овластено од Договорниот орган, одговорното лице на Носителот на набавката и лицето што ја испорачува стоката.

По еден примерок од испратницата се предава на лицето задолжено односно овластено од Договорниот орган, еден примерок задржува Носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до договорниот орган .

Член 6

Предметот на набавката ќе се набавува сукцесивно во период од 12 месеци од денот на склучувањето на Договорот, со редовно тековно снабдување согласно потребите на Договорниот орган и тоа во рок од најдоцна 3 (три) дена од секоја писмена нарачка.

Набавувачот нема обврска во целост да ги искористи максималните количини дадени за оваа јавна анабавка.

Во случај на доцнење со испораката на стоките од страна на Добавувачот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Член 7

Договорната казна се определува во висина на 2% од вредноста на прифатената понуда за секој ден задоцнување, при што потребно е веднаш Набавувачот да му врачи

на Добавувачот писмено известување дека Набавувачот го задржува правото на договорна казна – пенали.

Во случај на неиспорачување на стоките во рокот определен во член 6 на овој договор, Набавувачот на Добавувачот ќе му достави писмено известување за испорака на стоките во дополнителен рок од 2 дена. Доколку Добавувачот и во дополнително оставен рок од 2 дена, не ги испорача стоките, Набавувачот има право да го раскине договорот со проста изјава за раскинување на Договорот, како и право на договорна казна и право на надомест на штета.

Во случај на раскинување на Договорот согласно став 3 на овој член, Добавувачот е должен во рок од 15 дена од денот на раскинувањето на Договорот да му плати на Набавувачот договорна казна од 10% од вредноста на договорот.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Набавувачот заради раскинувањето е поголема од договорната казна, Добавувачот има обврска да му ја надомести на Набавувачот разликата до целосниот надомест на штетата.

## КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 8

Добавувачот на набавката прифаќа задолжителна проверка на горивото, мерење на следнитефизички величини: тежина(мерење на вага),густина и температура

Со секоја пратка на нафта, од страна на Добавувачот се доставува документ Испратница со соодветно Уверение за квалитет и формулар – Записник за прием на нафта {тоа се пополнува на крајот на испораката од страна на Набавувачот и Превозникот}.

Пред да се започне со истоварот на горивото Задолжително транспортното товарно возило се носи на вага каде се мери неговата тежина пред истоварот. После истоваротна гориво, возилото повторно се мери на вага. При оваа процедура ќе биде присутно лице кое ќе бидеодговорно и кое ќе присуствува во текот на целата процедура за приемна на нафтата. Трошоците за извршеното мерење ги сноси Договорниот орган.

Овластеното лице задолжително ќе побара од Добавувачот на набавка да се изврши проверка на густината и температурата во термосспецијален за таа намена со инструменти на Добавувачотидентификација на вода во нафтата со соодветна паста за идентификација. Доколку се појави поголема разлика од измерената и зададената вредност на дадените параметри пратката ќе биде вратена.

Идентификацијата на вода ќе се врши пред истоварот н ацистерната, така што на специјална шипка која ја поседува апревозникот се нанесува од пастата за идентификација и потоа шипката се потопува во горивото во автоцистерната. Ако има вода во горивото, пастата ја менува бојата во црвена. Во овојслучај ќе се прекине понатамошната постапка за прием на горивото и веднаш ќе биде известено одговорното лице на Добавувачот.

- Доколку пастата не ја менува бојата, што укажува на фактот дека во горивото нема присуство на вода, с епродолжува со понатамошната постапка за прием на горивото.
- Исправноста на пастата ќе се провери пред идентификацијата.

## ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на писмена банкарска гаранција од банка.

Висината на банкарскат агаранциј изнесува 5% од вредноста на договорот.

Гаранцијата с енаплаќа во следните случаи:

-во случај на ненавремено и квалитетно извршување на Договорот;

-во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на извршенатауслуга/и, верификувано од субјектот кој ќе врши контрола на квалитетот на испорачанатауслуга/и;

-во случајна раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката;

Гаранцијата за извршување на Договорот, Носителот на набавката ја доставува во рокод 7 (седум) дена од денот на потпишувањето на Договорот.

Ако Носителот на набавката банкарската гаранција не ја достави во договорениот рок, Договорниот орган може еднострано да го раскине Договорот.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување н Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на Договорот.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 10

Набавувачот има право да го раскине договорот поради не исполнување на обврските на Добавувачот, а особено:

-по дополнително доставено писмено известување од страна на Набавувачот и оставен рок од 2 (дена) за испорака на стоката;

-доколку стоката не соодветствува со техничката спецификација.

**ВИША СИЛА**

Член 11

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 12

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на договорните страни.

Член 13

Договорот се склучува за период до исцрпување на износот на вкупната вредност на договорот утврден во член 3 од овој договор, но не подолго од 1 (една) година. Договорните страни се согласни дека средствата предвидени во член 3 од овој договор не мора да бидат исцрпени.

Договорните страни се согласни во случај на исцрпување на максималниот износ на средствата предвидени во член 3 од овој договор пред истекот на периодот од став 1 на овој член, договорот да се смета за исполнет.

Договорот се склучува на македонски јазик и неговото кирилично писмо.

Член 15

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Член 16

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, како и Законот за Јавни набавки.

Член 17

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено.

Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Велес.

Член 18

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

Член 19

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

**ДОБАВУВАЧ** **НАБАВУВАЧ**

**ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ** **ОСУ „Јовче Тесличков",ВЕЛЕС**

**увоз-извоз ДООЕЛ**

**Одговорно лице** **Директор**

**Божанка Гроздановa** **Оливера Коцевска**

# СПЕЦИФИКАЦИЈА

| Дел | Назив на производот | Един. мерка | Количина | Един.цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Екстралесногоривозазатоплување (ЕЛ-1) | литар | 15.000 | 61,7982 | 926 973,00 |
| | Постигнатиот процент на намалување (одобрен рабат) | | | 2,11% (1,3318 ден без ДДВили 1.57 ден со ДДВ) | |

Количините се максимални и договорниот орган не е во обврска сите и во целост да ги исполни и реализира. Потребните количини за ОСУ „Јовче Тесличков„ Велесќе бидат утврдени во самата нарачка.

Набавката ќе се врши сукцесивно според потребите и барањата на договорниот орган ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес.

Процентот на намалување (одобрен рабат) ќе се пресметува како сооднос на единечната цена утврдена од Регулаторната комисија на денот на отварање на понудите и најниската единечна цена постигната на е-Аукција.

Постигнатиот процент на намалување (одобрен рабат) ќе биде непроменлив за цело времетраење на договорот и истиот ќе биде основ за определување на цената при секоја испорака, на тој начин што малопродажната цена утврдена од Регулаторната комисија на денот на испорака на стоката ќе биде намалена за процентот на намалување постигнат по е-Аукција.

Својствата на екстра лесното гориво треба да се во согласност со македонските стандарди и Правилникот за квалитетот на течните горива (Службен весник на Р.М. бр. 88/2007, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, 78/08 156/08 и 81/09) и МКС Б.Х2 430 стандардот за квалитет на маслата за горење („ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТНО").

**ДОБАВУВАЧ**

**ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ**

**увоз-извоз ДООЕЛ**
**Одговорно лице**
**Божанка Грозданова**

Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Пласница

м.п